РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-206/2
09.05 2024 год.
РАНКОВЦЕ

Известување

Почитувани,

Општина Ранковце Ве известува дека се приклучува на еколошка акција „Генералка викенд 24" во која ќе земат учество повеќе општини во државата. Акцијата „Генералка викенд 24" е во организација на компанијата „Мен анд маунтен" и се реализира со поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Пивара-Скопје, Пакомак, Нула Отпад и др.

Во рамки на акцијата за собирање на селектиран отпад ќе бидат вклучени учениците од Основно училиште Христијан Тодоровски-Карпош, како и вработените во ЈКП „Чист ден" , општината и сите заинтересирани граѓани и граѓански организации.

Акцијата ќе се одржи на 17 мај, петок, со почеток од 10:00 часот.

Ќе се собира отпад во дворовите на училишта како и кај Зелен Пазар и Спортски комплекс во Ранковце.

Целта на акцијата е подигнување на еколошката свест за одговорност кон природата.

Општина Ранковце ги повикува сите заинтересирани граѓани да се приклучат на акцијата за чистење за да ја направиме општината почиста и поубаво место за живеење.

Излези и ти, собери го отпадот од твојата директна околина и допринеси за поздрава и позелена иднина за сите.

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ *